Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20), а согласно член 8 од Политика за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ТЕХНИЧКИ УПАТСТВА ПРИ ИНСТАЛИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1410-13021/1
15-09-21 год.
СКОПЈЕ

Ова техничко упатство има за цел да обезбеди технички мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци при инсталирање на информатичко комуникациската опрема во Агенцијата за катастар на недвижности ( во понатамошен текст: АКН)

## 1.Технички мерки

При инсталирање на информатичко комуникациската опрема во АКН се обезбедуваат следните технички мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци:

- единствено корисничко име;
- лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
- корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;
- автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;
- автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;
- инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (“фајервол”) или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
- ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради

превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;

- ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
- приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

## 2. Објава

Оваа Техничко упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истотосе објавува на ВЕБ страницата на АКН .

ДИРЕКТОР

---------------------------

м-р Борис Тунџев